
ТМРО
МАКЕДОНИЈА

# Трајно Македонско Радикално Обединување

Тргнувајќи од историскиот факт дека државата Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во еден од четирите дела на етничка Македонија и почитувајќи го цивилизациското право на македонскиот народ за своја самостојна и независна држава, во овие критични моменти за опстанок на македонската држава, како единствен заштитник за македонскиот народ формирано е **Т.М.Р.О.**

Во преддвечерието на парламентарните избори 2006 **ТМРО** на Македонскиот народ му ја понудува следната изборна платформа со

# ЕЛЕМЕНТИ ЗА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА МАКЕДОНИЈА

## 1. ГЛОБАЛНИ ЦЕЛИ

1.1. Суверенитет на целата територија на Република Македонија.

1.2. Република Македонија да биде унитарна држава на Македонскиот народ, во која ќе бидат заштитени и ќе се унапредуваат индивидуалните и заедничките човекови слободи и права.

1.3. Чистење од корупција и друг вид криминал на институциите на правната држава: полицијата, обвинителството и судството, нивна темелна департизација и декриминализација, нивна трансформација во демократски институции по европски терк.

1.4. Изработка на Национална стратегија за развој на Република Македонија од страна на МАНУ.

1.5. Детална изработка на економска програма за борба против сиромаштијата и невработеноста.

1.6. Изработка на национална стратегија за заштита на македонскиот народ во северозападна македонија од етничкото чистење кое му се заканува, преку програми за ревитализација и враќање на сите иселени лица на нивните вековни македонски огништа.Во контекст на истото се предвидува систем од мерки за обезбедување на границите со формирање посебни елитни единици во Тетово, Маврово, Струга.

# 2. ИЗБОР НА МОДЕЛ ЗА РАЗВОЈ

2.1. Моделот на Израел:

- 2.1.1. **сопствен ум,**
- 2.1.2. **сопствена храна и**
- 2.1.3. **сопствена одбрана.**

2.2. Моделот на Сингапур:

- 2.2.1. **економски просперитет,**
- 2.2.2. **демографска рамнотежа,**
- 2.2.3. **меѓуетничка хармонија и**
- 2.2.4. **политичка стабилност.**

2.3. **За Република Македонија треба да се примени комбинирање на овие два модела,** што треба да обезбеди брз, сестран и сигурен опстанок и развој на македонската економија, држава, нација и општество.

# 3. ПРОМЕНА НА ОДНЕСДУВАЊЕТО НА ПОЕДИНЕЦОТ И НА ИНСТИТУЦИИТЕ

3.1. Промена на свеста кај Македонецот дека е свој на своето и развој на чувство на припадност на малцинствата кон македонската држава;

3.2. Воспоставување на систем на вредности а не систем на клучеви по национална припадност;

3.3. Враќање кон принципите на семејството, традициите, јавниот и индивидуалниот морал, како темели на општеството, преку образованието, религии, медиумите ;

3.4. Вклучување на Македонците во процесот на одлучување на локално и на национално рамниште, преку јавност во работењето;

3.5. Јавен натпревар за сите функции, во кој кандидатите или лидерските тимови ќе бидат должни јавно да дадат образложение на **визијата, стратегијата и методологијата** за развој и работа на организацијата или институцијата што сакаат да ја водат;

3.6. Поголемо вклучување на жените во Владата, владиниот кабинет и другите институции на државата;

3.7.Револуцијавоучењетоизнаењето:поттикнување на љубопитноста, истражувањето, творештвото и претприемаштвото;

3.8. Увоз на памет, не пари и технологија, преку спроведување на национална стратегија за итно **создавање услови за враќање на македонските големи таленти** докажани во светски рамки, со цел да го пренесат своето знаење и искуство, но и да ги инспирираат другите талентирани млади кадри.

3.9. Масовно образование на лидери и лидерски тимови (деловни и политички), што ќе учат кај врвни светски мајстори, со што ќе се создадат услови брзо да го овладеат управувањето во современите револуционерни промени во светот.

## 4. ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ КАКО МЕРКИ ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА

4.1. Закон за ургентно, безбедно и безусловно враќање на присилно раселените лица од војната 2001 година.

4.2. Закон што ќе ја обврзе Владата на Р. М. да го откаже Привремениот договор со Република Грција, склучен на 13.09.1995 година во Њу Јорк.

По барање на Владата на Р. М., Генералниот секретар на О.О.Н., ќе мора да ги извести **членките на О.О.Н.** дека **се должни да ни се обраќаат со уставното име.**

4.3. Закон за обештетување на сите ограбени акционери на кои треба да им се вратат: незаконски и насилно одземените акции, неисплатени дивиденди, надоместок на штета, загубена добивка за цело време на узурпацијата.

4.4. Закон за конфискација на незаконски стекнат имот и **ревизија** на целата приватизација, од 1991-2006.

4.5. Измени во Законот за Јавно Обвинителство, со зголемување на ингеренциите на Јавниот Обвинител како неопходна алка во борбата за спречување на корупцијата и криминалот.

4.6. Нов Закон за Трговски друштва, во кој основањето на друштвата ке се регулира со паричен основачки влог како гарант за ликвидноста на друштвото и можноста во правниот промет да учествува единствено во зделки до лимитираниот влог.На тој начин директно ќе се влиае на регуларноста во платниот промет и ќе се стави крај на неможноста за наплата од неликвидните друштва.

4.7. Закон за укинување на привилегиите што со закон си гиníделија пратениците во Парламентот на Р. М.

4.8. Закон за државјанство, според кој доколку не се работи за основ стекнат со брак, природување или од посебен интерес, условот за македонско државјанство е непрекинат престој 20 год. Во контекст на истото се предвидува и ревизија на сите досега издадени државјанства.

4.9. Закон за бесплатно државно образование - признато во Е. У., со кое училиштата и факултетите ќе станат и културни и спортски центри, како ефикасна брана во борбата против дрогата и друг вид деликвенција.

4.10. Закон за задолжително средно образование.

4.11. Закон за бесплатно државно здравство за сите граѓани, преку Закон за луксуз и смалување на цените на лековите (што кај нас се за 4-7 пати поскапи од другите земји во транзиција).

4.12. Закон за ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ БРАНИТЕЛИ ОД 2001.

4.13. Нов закон за политички партии, со кој не ќе може да постојат партии на малцинствата, со кој ќе се регулира правото на финансирање на партиите од буџетот на Р. М. на оние партии кои освоиле 5% и повеќе на последните избори.

4.14. Закон за обнова на затворените и запуштените индустриски капацитети: конфекција, чевларство, мебел, ...

4.15. Закон за Коридор 8, со кој Македонската влада на **ТМРО** ке нагласи дека приоритет на државата е изградбата на овој коридор и гаранции спрема **АМБО** за негова реализација.

4.16. Закон за интегрален развој на Вардарската долина.

4.17. Ревизија на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

4.18. Преиспитување на уставните промени и закони донесени под закана на оружје и надворешен притисок.

19.19. Ревизија на Законот за работни односи и обезбедување на работни места за сите македонци, што би било приоритет на владата на **ТМРО** со цел да се спречи миграцијата на Македонците.

4.20. Нов Закон за спорт:со активна подршка на државата во стимулирањето и финансирањето на спортот и спортистите од најмали категории, со краен епилог спортска велесила, по примерот на Хрватска, Данска и сл....

4.21. Закон за земјоделие, во кој приоритет би се ставил на заштитата на замјоделските производи и стимулации максимално зголемени .

4.22. ***Закон за стечајни работници***: **ТМРО** посебен акцент во социјалниот дел од својата

програма става на стечајните работници и остварувањето на нивните со Устав загарантирани права, преку донесување на социјален пакет мерки за решавање на овој проблем кај оваа категорија Македонски граѓани, преку посебен **Закон за стечајни работници**, кој идните пратеници од редовите на **ТМРО** и владата на **ТМРО** ке го донесат во законска постапка, првите 100 дена по парламентарните избори. Пакетот мерки би содржел итно намалување на законската одредба за староснa граница за пензионирање која би изнесувала 52 год. за жените, 55 год за мажите, со минимален работен стаж од 15 год.Со ваквото решение ке се отворат 170.000 работни места за младите, а Македонија ке профункционира како вистинска правна држава.Со ваквото законско решение на Законот за стечајни работници, ќе бидат опфатени сите категории на стечајни работници како загубари, трудови инвалиди се со цел целосна социјална заштита и паричен надоместок во вид на минимална плата во стопанството за секој изминат месец од отварањето на стечајната постапка па до влегувањето на сила на одредбите од овој закон. Ваквата обврска на државата произлегува од објективната одговорност што ја има за своите граѓани и нивната сигурност од секаков вид.

# ЕКОНОМИЈА

## 5. ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ, ВРАБОТУВАЊЕ ЗА СЕКОГО ВО Р. МАКЕДОНИЈА

Поради комплекноста на нашиот проблем економија а по принципот на врзани садови од каде да се почне, ТМРО смета дека доколку дојде на власт ќе даде се од себе да ги убеди сите релевантни фактори со аргументи и докази дека доколку имаме една единствена стапка од 5 % на сите нивоа на даноци, Македонија може да смета да ги достигне и престигне сите околни земји и пошироко, и ќе создаде неверојатен висок економски и социјален развој со кое Р. Македонија ќе може да се вклучи рамноправно во сите Европски и светски интеграции.

предности:

**огромен економски раст,**
**вработување за секого,**
**увоз на работна сила и конечно Македонецот да биде свој на своето,**
**елиминирање на сивата економија сама по себе,**
**полна државна каса,**
**социјален мир,**
**создавање на интерес за поголем профит,**
**создава услови за влез на странски инвестиции,**
**се создаваат услови за отварање на визии на младите,**
**драстично намалување на одлив на стручен кадар надвор,**
**сигурност на живеење**

мани:

**премногу добра одлука**

**ТМРО предлага:**

5.1. Основање Министерство за вработување, што ќе ја спроведува Националната програма за вработување и самовработување.

5.2. Инверстиции за развој на селото и неразвиени подрачја: изградба на патишта, електрификација, гасификација, водоснабдување, преку грантови и поволни кредитни линии, наменети за развој- услови за финансирање на мали и средни земјоделски и други фирми за производство на здрава храна.

5.3. Изградба на Нуклеарна централа со која на подолг период би се решила претстојната енергетска криза која ни се заканува, изградба на нови акумулации за наводнување и водоснабдување, за развој на сточарството, пчеларството, печуркарството, овоштарството и друг вид профитабилни проекти.

5.4. При појава на монопол во дејности од посебен интерес, државата да отвора нови јавни претпријатија

5.5. Гасификација на Р. М.

5.6. Неприватизираните стратегиски претпријатија (пример: ЕСМ) да останат во доминантна државна сопственост.

5.7. Отворање на слободни индустриски зони.

5.8. Изградба на евтини станови со модерна технологија.

5.9. Озаконување на социјалниот дијалог меѓу Владата на Р. М., синдикатот и работодавачите, преку трансформација на Стопанската комора на Македонија во нова Индустриско-трговска комора.

5.10. Учество на работниците во управувањето со акционерските друштва, по пат на синдикално организирање, според моделот во Германија.

5.11. Реформа на даночниот систем во функција на стопанскиот и социјалниот развој: лизгачко оданочување на луксузно живеење и стимулативно оданочување на работодавачите и извозниците.

5.12. Даночни бенефиции за работодавачите што ќе вработат стечајни работници од ликвидирани фирми и фирми загубари, согласно европското законодавство.

5.13. Судска заштита на работниците преку судови за

работни спорови, со вклучување на синдикатот според практиката на Е. У.

5.14. Законска заштита на синдикалните права меѓу кои и колективната тужба од синдикатот.

5.15. Учество на синдикатот во работата на Парламентот на Р. М.

16.16. Основање Агенција за информатика и институција за електронски сертификати со дигитални потписи: воведување задолжително информатичко образование - од забавиште до докторски студии; создавање на информатичко-технолошко опкружување на приватниот бизнис со образованието и науката, со поддршка на државата.

16.17. Подржување на мали семејни бизниси и нивна заштита

16.18. Трансформација на јавните претприатија во акционерски компании со најмалку 100 акционери

## СПЕЦИЈАЛНИ НАМЕРИ
**(важни за економска сигурност, развој и просперитет)**

### ИНФОРМАТИЧКА ПИСМЕНОСТ

Веднаш да се побара корпорацијата Мајкрософт (Microsoft) оперативниот систем Виндоус (Windows) да се преведе на Македонски јазик како рамноправен со сите светски јазици.

Создавање на услови за бесплатен интернет до секое семејство.

Едукација на лица за информатичко учење од 7 - до - 77 годишна возраст

### АГРАРНА СПОСОБНОСТ

Земјоделецот доволно е да се занимава и да произведува земјоделски култури.

Државата да финансира специјализирани менаџерски тимови за пласман и продажба на се што е земјоделско производство кое земјоделците сами не ќе можат да го продадат. Поточно државата да откупи се што ќе произведат земјоделците.

Распределба на земјоделско земјиште по принци-

пот на реална можност и способност на едно семејство да располага и обработува .

Во планински региони ослободени од сите давачки и користење на сите бонитети на државата, бесплатен превоз, пробивање на патна инфра структура, електрифација и наводнување на трошок на државата и други поволности кои се потребни.

## ТУРИЗАМ
## ТУРИСТИЧКА ПРИДОБИВКА

Организирање на целокупниот туристички потенцијал во Р. Македонија во насока на развој на туризмот како исклучителна дејност која носи свеж девизен прилив и која ги покренува и сите други останати дејности во брз развој.

Ревитализација на селата како туристички дестинации, креирани за селски туризам, алтернативен и екстремен туризам, со огромни попусти за тур оператори и туристички агенции.

Истакнување на Р. Македонија како лулка на културата и земја на природата во сите веб сајтови како дома така и надвор со свои банери, реклами брошури и сл.

## БАНКАРСКА СУГУРНОСТ

Подржување и заживување на идејата за Национална Македонска платежна картичка.

Либерализација на сите аспекти на делување на банкарскиот сектор

Создавање на услови за доаѓање на мали банкарски и финансиски институции кои силно ќе ја потикнат конкуренцијата на пазарот на финансиски капитал ( контра од тезата дека треба во Р. Македонија да се донесе голем и силен банкарски бренд. ТМРО смета дека со донесување на таков бренд Р. Македонија ја губи својата државност.)

Прецизна поставеност на Централната банка за својата улога, нејзино дејствување и надлежност.

Скратување на овластувањата, одговорностите и делувањето на гувернерот на Централната банка самосојно да одлучува за примена на соодветни мерки.

Не мешање на централната банка во работата на банкарските субјекти, без основани докази за извршен криминал .

## ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈ

Врз основа на фактот дека Р. Македонија не поседува море а има небо и желба за сугурен индустриски развој нужно е да веднаш отпочне со изработка на студија за производство на мали патничко - товарни авиони, кои ќе овозможат Македонски сопствен брз превоз на стока и патници до околните земји и подалеку.

Давање на огромни поволности на индустриски капацитети кои произведуваат производи наменети за странски пазари а ќе користат сопствена и туѓа суровинска база.

Помош од државата за производство на Македонско ауто, роботи и компјутери.

## ЗДРАВСТВО

Комлетна приватизација на цело здравство

Големите државни здраствени центри да се трансформираат во акционерски друштва со минимум 1000 акционери

Бесплатно здравство до 18 и над 60 годишна старост

Единсвена здраствена картичка врзана со матичниот број на Македонецот.

## ОБРАЗОВАНИЕ

ТМРО предлага паралелен систем на образование. Приватно и Државно образование кои ќе ја зголемат конкурентноста меѓу себе и ќе создадат услови за повисок квалитет на знаења.

Да се воспостави тесна врска меѓу стопанството и институциите со образовните центри за да однапред се утврдат вистинските меѓусебни потреби.

Да се создадат услови за непречен развој на размена на знаења, искуства и комуникации со целиот свет.

## ДРУГИ РЕШЕНИЈА

Решение за такси превозот: Државата да купи или даде гаранција или тендер за бизнис на 20000 илјади такси возила во иста боја со десет годишна отплата.

Бесплатно образование во сите свери, на деца, младинци, студенти, кои би дошле од неразвиени земји и со држави со кои Македонија има посебни односи и интереси.

# 6. НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА Р. М.

## 6.1. Односи со соседните 4 држави

Надворешната политика на Република Македонија почнува на границата со соседните држави.

Оттаму, од стратешко значење е: Република Македонија својата надворешна политика да ја насочи најнапред кон подобрување на вкупните односи со соседите. Со тоа Република Македонија ќе придонесува за вкупната Балканска и Европска стабилност, соработка и просперитет. Во овој контекст, националните малцинства треба да бидат мост за разбирање и соработка.

На овој начин Македонија би можела повторно да биде центар на стабилност, соработка и просперитет.

Вклучување на Македонија во сите системи на светската борба против тероризмот, криминалот, трговијата со луѓе и дрога

Поаѓајки од ваквата констатација и потврдувајки ја истата, поранешниот министер за надворешни работи на Германија Клаус Кинкел има изјавено: "Стабилноста и просперитетот на Македонија се стабилност и просперитет на Балканот, а стабилноста и просперитетот на Балканот се стабилност и просперитет на Европа"!

## 6.2. Стратегиски партнери на Р. М.

**Историски и природни стратегиск и партнери на Република Македонија** на нејзиниот пат кон стабилност, просперитет, сестран и одржлив развој, се: **САД, Израел и Турција.**

6.2.1. САД повеќе пати низ историјата, уште од 18-от век, се залага за постоење на македонска држава.

Истовремено, лоби групите на соседите кај европските сили исто толку пати ја навеле "Европа" да не ја поддржи македонската држава.

(примери: "Букурешкиот договор", неприфаќањето на препораката-извештајот на сопствената, европска, Бадинтер-ова комисија, која во 1991/1992 година констатира дека од сите поранешни југословенски републи-

ки, единствено Македонија ги исполнува условите за прием во Е. У.)

6.3. **Општи принципи во надворешната политика на Р. М.**

6.3.1. Билатерална корелација.

6.3.2. Реципроцитет на еднакво ниво и на сите нивоа.

6.3.3. Поддршка и развивање на мирот и мировните процеси во светот.

6.3.4. Мирољубива коегзистенција.

6.3.5. Немешање во внатрешните работи на други земји.

6.3.6. Почитување на декларацијата-повелба на Организацијата на Обединетите Нации за човекови права и корелација за почитување на истите права на македонците во светот.

6.3.7. Информација на целата меѓународна заедница за вистинската историја на македонскиот народ, со изнесување на научни трудови врз основа на историски архивски документи, од античкиот период па до денес, со посебен акцент на генетската истоветност на Античките Македонци и денешните Македонци на целиот Балкански полуостров.

6.3.8. Поставување на Македонското прашање како единствено нерешено прашање на Балканот пред сите релевантни меѓународни институции, како ООН, советот на Европа и сл.

**Македонски Народе,**

**За прв пат од осамостојувањето на Македонија,**
**На нејзината политичка сцена**
**Се појавува македонски политички субјект,**
**Кој за разлика од другите**
**Кои само привидно се различни,**
**ќе води Македонска**
**и само Македонска политика,**
**во интерес на Македонскиот народ.**

За **Т.М.Р.О.**

**МАКЕДОНИЈА ПРЕД СÈ,**
**МАКЕДОНЦИТЕ НАД СÈ!**

Претседател:

______________________________

Ванчо Шехтански


Македонија пред сè,
Македонците над сè!
ТМРО
МАКЕДОНИЈА
ТМРО
ВАНЧО ШЕХТАНСКИ